*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-316*
*26.02.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- од север опфатот е дефиниран по граница на опфат по претходен ДУП
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на планирана магистрала М-5 Штип Кочани-согласно ГУП на град Штип

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 39.397,55m$^2$.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам,

печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одражување на јавната анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 32 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 14 март 2025 (петок) до 14 април 2025 год (понеделник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 27 март (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетраењето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов